А. УПАТСТВА ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. Услуги што треба да се обезбедат

Нарачател на услугите е здружение на граѓани Флорозон – Центар за еколошка демократија Скопје проект „GREEN COMPLAINT FOR ENVIROMENTAL JUSTICE“. Адреса: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, www.florozon.org.mk, email: contact@florozon.org.mk; project@florozon.org.mk

2. Предмет на договорот за услуги

Предмет на договорот е промотивна кампања на социјалните медиуми. Детален опис на бараните услуги е даден во Анекс I – Технички спецификации.

3. Содржина на понудите

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во електронска форма и печатена форма.

Елементи на понудата кои треба да бида доставени се:

- Предложен медиа план со вклучен број на објави и назив на социјалните медиуми
- Финансиска понуда
- Портфолио за правни лица
- Тековна состојба или ДРД образец со која се докажува својата професонална дејност во побараните услуги
- Изјава за за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот

4. Начин на поднесување на понуди

Понудите мораат да се поднесат најдоцна до **02.02.2024** година до **16 часот** на следната адреса: Флорозон - Центар за еколошка демократија Скопје, адреса: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, или електронски на contact@florozon.org.mk и project@florozon.org.mk

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице- понудувач.

Funded by the European Union

6. Цена на понудата

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

7. Валута на понудите

Цената на понудата се изразува во денари без вклучен данок на додадена вредност. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност.

8. Валута на понудите

Вкупниот износ на услугите за промотивна кампања на социјалните медиуми изнесува 751 ЕУР (во денарска противредност), без ДДВ согласно Б.Л. 4.8.2

9. Критериуми за доделување на договор

9.1 Критериуми за доделување на договорот за услуги за промотивна кампања на социјалните медиуми се:

- Квалитативна евалуација: Предложен медиа план, портфолио и искуство на правното лице: 80 бодови

- Финансиска понуда : цена 20 бодови

Вкупна оценка: 100 бодови

ЦЕД Флорозон го задржува правото да ја прифати или одбие било која понуда.

10. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Успешниот понудувач ќе биде информиран за прифаќањето на неговата понуда, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлука за избор на најповолна понуда. Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.